**26.05.2014**



Слика 1. Претседателот Митревски на средбата со вработените од Подружницата на ЈП Македонски шуми „Лопушник“

Претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, д-р Живко Митревски, на 26.5.2014 година имаше работна посета во Синдикалната канцеларија на ССМ во Кичево. Беше одржана и посебна средба во ЈП Македонски шуми – Подружница

„Лопушник“ – Кичево, со вработените - членови на Синдикалната организација и раководителот на Подружницата.

Од страна на претседателот на Синдикалната организација, Александар Крстевски и членот на Претседателството на СШДЕ, Боби Дамјановски, беа образложени активностите на Синдикалната организација и напорите на менаџментот за постигнување на производни резултати и за исплата на надоместоците.

На конструктивната средба беа договорени повеќе натамошни заеднички активности околу остварувањето на заедничките цели кои се во интерес на вработените во Подружницата.